РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018) и член 2 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден _______________ година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

### Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (арх.број 0101-1577 од 24.09.2015; 0101-435 од 29.02.2016; 0101-1161/1 од 14.06.2016 и 0101-1253/1 од 24.11.2017 година).

Во глава II во членовите (член 7; член 8 и член 9) во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа – познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест ДАФ.
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3.5-4.5 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 450 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.
- За сите нивоа на категорија В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.
- За сите нивоа на категорија Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(A1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

Член 2

Во глава II во членовите (член 7; член 8 и член 9) во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување (кај сите нивоа од категоријата Б).

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Раководно лице на орган/институција

Бр. 0101-430

26.03.2018 година